Врз основа на челн 56 став 1 точка 14, а во врска со член 63 став 1 точка 8 од Законот за здравственото осигурување („Сл. весник на РМ" бр.25/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007 и 36/2007), Управниот одбор, на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата одржана на 30.11. 2007 година, донесе

# ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА УЧЕСТВОТО НА ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА ВО ВКУПНИТЕ ТРОШОЦИ НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ УСЛУГИ И ЛЕКОВИТЕ

Член 1

Во Одлуката за утврдување на висината на учеството на осигурените лица во вкупните трошоци на здравствените услуги и лекови ("Сл. весник на РМ" бр. 48/2000, 52/2000, 17/2005, 47/2005 и 86/2007) во членот 3 табеларниот дел се менува и гласи:

| Здравствени услуги во примарна здравствена заштита | Партиципација |
|---|---|
| Пломбирање на заб со амалгам | 130,00 |
| Пломбирање на заб со композитен материјал | 260,00 |
| Вадење на заб | 150,00 |
| Ендодонска терапија | 260,00 |
| Останати стоматолошки услуги освен превентивните | 200,00 |

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се објави по добивање на согласност од министерот за здравство, а ќе се применува од 01.01.2008 година.

Бр.02-18878/8
30 ноември 2007 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
**Аљбон Џемаили**, с.р.